# -ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА -БИТОЛА-

Кандидатот треба да достави:
-Пријава која треба да содржи:податоци за кандитатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон и кратка биографија);
-уверение за државјанство не постаро од шест месеци;
-потврда од матичен лекар за општа здравствена способност за работното место;
-доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност не постаро од шест месеци;
-доказ за завршено образование.

Рокот за доставување на пријавите со пропратна документација како доказ за исполнети услови за вработување (во оригинал или заверен препис на нотар) изнесува 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас.Условите наведени во интерниот огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Заинтересираните кандидати, пријавата со попратната документација треба да ја достават во хартиена форма во архивата на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца-Битола или по пошта на адреса: Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ул. „Младински Бригади„ бр. 2 Битола. Кандидатите се должни на ковертот да наведат напомена: „Не отворај“ интерен оглас 1/2021.

Некомплетната и ненавремената документација нема да се разгледува.

Постапката за селекција ќе се спроведува во две фази и тоа:

-проверка на пријавите и доказите и
-интервју.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
ВД Директор
Елена Николовска


Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com